ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 14 – 216/7**

**Дата:** 07.11.2013

**ДО**
**ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА - ДУИ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година на Демократска Унија за Интеграција - ДУИ (во натамошниот текст ДУИ) на сметката за редовно работење.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ДУИ за редовното работење за 2010 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки ревизијата констатира дека ДУИ делумно преземала мерки по дадените препораки.

Изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на ДУИ за 2012 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година ревизијата констатира дека:

- не постои соодветен акт за уредување на меѓусебните права и обврски со правните субјекти/физички лица каде партијата користи деловен простор;
- склучени се договори за користење на средства без надомест во кои не е утврдена вредноста на услугата, која ќе претставува основа за искажување на примените донации.

Законскиот застапник на партијата потребно е да преземе активности за надминување на утврдените состојби.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:

- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на донации;

- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации, како и
- отсуство на изработени пречистени закони.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените слабости.

Извршивме обелоденување за прифатените корекции кои имаат влијание на финансискиот извештај/биланс на состојба.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-216/4 од 23.09.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 12 до 14 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи за редовно работење на ДУИ, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2012 година, преглед на промени на извори на средствата и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија, Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на ДУИ за редовно работење и ревизија на усогласеност за 2010 година и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Али Ахмети, претседател на ДУИ

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на ДУИ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи е изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.
При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.05.2013-19.06.2013 година.

## 3. Осврт на ревизијата за 2010 година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2010 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки ревизијата констатира дека ДУИ делумно презмала мерки по дадените препораки. (Преглед I).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај не беа дискутирани на завршен состанок со раководството и одговорните лица на ДУИ – предмет на ревизија.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-216/4 од 23.09.2013 година.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Со одредбите на член 26 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено дека Годишната сметка политичката партија е должна јавно да ја објави на веб страната на политичката партија. На ревизијата не и се презентирани податоци дека Годишната сметка е објавена согласно утврдените барања. Наведената состојба влијае на можноста до пристап на информациите кои ги дава истата од страна на заинтересираните страни.

По препорака на ревизијата, ДУИ во текот на ревизијата достави податоци за нејзино објавување на веб страната на партијата поради што за утврдената состојба не даваме препорака.

4.1.2. Со одредбите на член 27-а од Законот за финансирање на политичките партии е утврдена обврската за објавување на Годишниот финансиски извештај на веб страната на политичката партија, најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година. На ревизијата не и се презентирани податоци дека Годишниот финансиски извештај е објавен согласно утврдените барања. Наведената состојба влијае на можноста до пристап на информациите кои ги дава истиот од страна на заинтересираните страни, како и на остварување на правото на редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија.

По препорака на ревизијата, ДУИ во текот на ревизијата достави податоци за негово објавување на веб страната на партијата поради што за утврдената состојба не даваме препорака.

### 4.2. Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.1. Согласно статутарните одредби, партијата својата активност ја остварува преку ограноците, подограноците и локалните совети како основни единици

на територијално организирање. На ревизијата не и се презентирани податоци за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски со правните субјекти / физичките лица каде партијата користи деловен простор[1], што не е во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи. Наведената состојба влијае на можноста за потврдување на вкупните трошоци во случаите каде што партијата користи деловен простор со надомест или висината на донацијата во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

**Препорака**

Надлежните органи на партијата да пристапат кон уредување на меѓусебните права и обврски со правните / физичките лица, сопственици на деловен простор.

4.2.2. Со одредбите на член 15 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено дека политичките партии можат да примаат донации во вид на пари, материјални средства или услуги. При тоа како донација се смета и давањето бесплатни услуги на политичката партија, како и давањето услуги за кои плаќа трето лице, а давателот на услугата е должен да ја извести политичката партија за вредноста на дадената услуга. Со оглед дека партијата има едно службено возило[2], а водејќи се од потребата за користење на повеќе превозни средства заради спроведување на секојдневните активности на партијата, законскиот застапник на партијата во текот на 2011 година пристапил кон склучување договори за користење на патничко моторно возило без надоместок со повеќе физички лица. Во текот на вршење на ревизијата презентирани се вкупно осум такви договори, за кои ревизијата утврди дека не содржат податоци за вредноста на дадената услуга, односно давателот на услугата не доставил известување до партијата за вредноста на дадената услуга. Ваквата состојба оневозможува да се изврши потврдување на висината на донацијата во случаите кога партијата користи туѓи средства без надомест. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за финансирање на политичките партии и Законот за сметководство за непрофитните организации.

**Препорака**

Надлежните органи на партијата да донесат соодветен акт со кој ќе ја уредат потребата и условите за користење на туѓи средства, од физичките лица, сопственици на средствата, да побараат известување на висината на вредноста на услугата и обезбедат нејзино правилно искажување како донација во деловните книги и финансиските извештаи на партијата.

[1] Освен за деловниот простор каде што е сместено претседателството на ДУИ;
[2] Мерцедес С-600 - регистриран на име на партијата.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 4.2. се отсуство на податоци за потврдување на: вкупните трошоци во случаите каде што партијата користи деловен простор со надомест или висината на донацијата каде партијата користи деловен простор без надомест и неможност за потврдување на висината на донацијата во случаите кога партијата користи туѓи средства без надомест.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење – за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Демократска унија за интеграција - ДУИ на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи на Демократска унија за интеграција - ДУИ, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09; 148/11; 142/12 и 23/13), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста. Со став четири од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[3]„. До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер. Утврдената состојба предизвикува политичката партија да изврши

[3] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

прилагодување на потребните информации за обезбедените донации, односно за истите да извести во рамки на Годишниот извештај за добиените донации за 2012 година[4], и да не ги објави на својата веб страница или на друг соодветен начин да ги направи достапни до јавноста.

Ревизијата истакнува дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 142/12) наведениот член 17 има претрпено измени во делот на содржината на регистарот на донации и начинот на објавување на истиот. Во исто време во член 27-б предвидени се прекршочни одредби за запирање (суспендирање) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија за политичката партија која нема да ги објави податоците за донациите примени во текот на годината согласно со членот 17 од законот и кое ќе трае до уредно исполнување на обврските согласно истиот член. Утврдената состојба влијае на остварување на правото на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија во тековниот и наредниот период.

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

6.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003 и 17/2011) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[5]“. Со извршениот увид во: Правилникот за

[4] Годишниот извештај за добиените донации за 2012 година е доставен до Државниот завод за ревизија и Управата за јавни приходи во законски пропишаниот рок и содржи податоци за добиените парични средства од сите приватни извори на финансирање на политичката партија (членарини, донации и приходи од камати).

[5] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во

сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[6] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа". За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции ".

6.3. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија" број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија" број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоренаведените законски акти.

---

пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[6] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481-Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

7.1. Во текот на ревизијата од страна на партијата извршени се корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во активата и пасивата на финансискиот извештај - биланс на состојба, спроведени во повеќе налози за книжење и тоа:

- налог за книжење број 003/13 од 30.04.2013 и налог за книжење број 005/13 од 30.05.2013 година со кој е извршено зголемување на краткорочните финансиски побарувања за износ од 20.000 илјади денари и истовремено намалување на други краткорочни побарувања за истиот износ, поради непреземени активности за правилно евидентирање на преносот на средства по основ на краткорочен денарски депозит во деловна банка;
- налог за книжење број 016/13 од 12.06.2013 година со кој е извршено намалување на обврските кон добавувачите (кумулативно) за износ од 77 илјади денари, намалување на други активни временски разграничувања за 163 илјади денари и намалување на вишокот на приходи за пренос во наредната година (кумулативно) за износ од 86 илјади денари поради непреземени активности за правилно евидентирање на плаќањата кон добавувачите по основ на пренесени обврски од претходниот период;
- налог за книжење број 017/13 од 17.06.2013 година со кој е извршено:
- зголемување на вредноста на материјалните средства и изворите на средствата за износ од 120 илјади денари, поради непреземени активности за навремено евидентирање на новонабавени материјални средства;
- зголемување на исправката на вредноста на материјалните средства и намалување на изворите на средствата за износ од 199 илјади денари поради нецелосно пресметана амортизација на материјалните средства за 2012 година;
- зголемување на набавната вредност на материјалните средства за износ од 238 илјади денари, зголемување на исправката на вредноста за износ од 149 илјади денари и зголемување на ревалоризационата резерва за 89 илјади денари поради непресметана ревалоризација на материјалните средства за 2012 година;
- намалување на материјалните средства и изворите на средствата за 1.144 илјади денари поради неправилно (два пати) пренесена почетна состојба од претходниот период;
- намалување на вонбилансната евиденција за 1.733 илјади денари поради неправилно (два пати) пренесена почетна состојба од претходниот период;
- налог за книжење број 018/13 од 30.06.2013 година со кој е извршено:
- намалување на материјалните средства и изворите на средства во износ од 5.806 илјади денари и зголемување на вонбилансната евиденција за

истиот износ поради непреземени активности за правилно евидентирање на купен деловен простор за кој не е обезбеден доказ за сопственост;

- зголемување на: побарувања за дадени аванси, депозити и кауции и други пасивни временски разграничувања а истовремено намалување на оставерниот вишок на приходи и искажување на обврска кон добавувачите по основ на повеќе платени обврски кон добавувачите.

Скопје, 04.11.2013 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 383 | 2 |
| Приходи од членарини, подароци и донации и приходи од други извори | 27,481 | 16,177 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 8,431 | 3,631 |
| **Вкупно приходи** | **36,295** | **19,810** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 9,384 | 6,442 |
| Други расходи | 572 | 1,148 |
| Капитални и други средства | 3,629 | 2,182 |
| Плати и надомести на плати | 1,973 | 1,521 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 386 | 86 |
| **Вкупно расходи** | **15,944** | **11,379** |
| **Нето вишок на приходи над расходи** | **20,351** | **8,431** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 265 | 8,431 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4 | - |
| Краткорочни финансиски побарувања | 20,000 | - |
| Активни временски разграничувања | - | 82 |
| **Вкупно тековни средства** | **20,269** | **8,513** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 1,919 | 4,519 |
| **Вкупно постојани средства** | **1,919** | **4,519** |
| **Вкупна актива** | **22,188** | **13,032** |
| **Вонбилансна евиденција - активни сметки** | 7,539 | 1,733 |
| **Пасива** | | |
| **Краткорочни обврски** | | |
| Добавувачи | - | 82 |
| Обврски за плати | - | - |
| Пасивни временски разграничувања | 20,269 | 8,431 |
| **Вкупни краткорочни обврски** | **20,269** | **8,513** |
| **Извори на средства** | | |
| Деловен фонд | 1,551 | 4,240 |
| Ревалоризациона резерва | 368 | 279 |
| **Вкупно извори на средства** | **1,919** | **4,519** |
| **Вкупна пасива** | **22,188** | **13,032** |
| **Вонбилансна евиденција - пасивни сметки** | 7,539 | 1,733 |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА СРЕДСТВАТА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Деловен фонд | Ревалоризациона резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **4,240** | **279** | **4,519** |
| **Зголемување по основ на:** | **3,749** | **238** | **3,987** |
| Набавка на постојани средства | 3,629 | - | **3,629** |
| Корекции од ДЗР прифатени од субјектот (набавка на постојани средства) | 120 | - | **120** |
| Корекции од ДЗР прифатени од субјектот (ревалоризација) | - | 238 | **238** |
| **Намалување по основ на:** | **6,438** | **149** | **6,587** |
| Амортизација на постојани средства | 433 | - | **433** |
| Корекции од ДЗР прифатени од субјектот (амортизација) | 199 | - | **199** |
| Корекции од ДЗР прифатени од субјектот (ревалоризација) | - | 149 | **149** |
| Корекции од ДЗР прифатени од субјектот (пренос во вонбилансна евиденција) | 5,806 | - | **5,806** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **1,551** | **368** | **1,919** |